Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 15 декември 2020 година

**Скопје, декември 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 декември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев како и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествува и Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, како и Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски, од Канцеларијата на претседателот на Република Северна Македонија и Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за интеркултурализам, едно општество, развој на културата и меѓуресорска соработка .

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Фатмир Битиќи и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- ✓ Усвојување на Записникот од 25-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 28-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 декември 2020 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 29-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2020 година

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Степен на реализација на капиталните инвестиции

1. Записник од Петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 декември 2020 година

2. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година

3. Предлог-програма за изменување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година

4. Предлог-програма за изменување на Програмата за мониторинг на безбедност на храната во Република Северна Македонија за 2020 година

5. Информација за појава и ширење на болеста син јазик на територијата на Република Северна Македонија

6. Годишна сметка за 2019 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје во 2019 година, со Извештај од независен ревизор и со предлог - одлуки

7. Среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година

8. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за акредитација на здравствените установи од секундарно и терциерно ниво, со Предлог-одлука

9. Предлог- одлуки за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за труд и социјална политика- Државен инспекторат за труд, општина Карпош, општина Струга и општина Битола (персонални компјутери)

10. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог –одлука (запишан во Имотен лист бр. 42539, КО Карпош).

11. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог –одлука (запишан во Имотен лист бр.15753, КО Центар 2)

12. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр. 16792, КО Центар 2)

13. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр. 11582, КО Драчево 1)

14. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог –одлука (запишан во Имотен лист бр. 92689, КО Чаир).

15. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог –одлука (запишан во Имотен лист бр. 55181, КП 6899, КО Карпош)

16. Информација со предлог-одлуки за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Прошетка на посетители во Националниот парк „Галичица“, со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во Св.Наум

17. Информација со Предлог-одлука за давање на согласност на Анекс на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје-угостителска дејност на сплавови во Националниот парк Галичица – Извориште кај Св.Наум

18. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или

транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државен инспекторат за земјоделство)

19. Предлог-одлука за давање согласност за спроведувањење постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола)

20. Барање од Општина Битола во врска со неискористените средства за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди

21. Барање за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување на договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба наменето за изградба на објекти од јавен интерес, со Предлог-одлука

22. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани

23. Предлог на закон за проширена одговорност на производителот во управувањето со посебни текови на отпад

24. Предлог на закон за управување со отпадот

25. Предлог на закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

26. Предлог на закон за управување со дополнителни текови на отпад во системот за проширена одговорност на производителите

27. Предлог на закон за управување со пакување и отпад од пакување

28. Предлог на закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

29. Информација по однос на постапување по заклучоците 1 и 2 од Информацијата за Годишни извештаи за ревизорска активност и Годишни ревизорски мислења за 2019 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош усвоени на шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јуни 2020 година

30. Извештај за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со Предлог - одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2021 година

31. Информација за активностите кои треба да се преземат во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од Коридор 10-д“

32. Информација за адаптирање на постојната физибилити студија за да се утврди оправданоста на концесискиот проект „Активна ремедијација со можност за повторно користење на хромната троска складирана на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК „Југохром“, с.Јегуновце, преку негов третман /преработка“

33. Информација со анализа и акциски план за Преспанското Езеро, подготвена од Експертската работна група за Преспанско Езеро

34. Информација во врска со ревидирани Мастер планови за „Меѓународен аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид на „ТАВ Македонија“

35. Информација во врска со ревидираниот План за вонредни состојби на аеродромите на ТАВ Македонија

36. Информација за продолжување на крајниот рок на достапност на средствата обезбедени од заем од Европска инвестициона банка за проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“

37. Информација за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Св.Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга

38. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Желино“ Општина Желино

39. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот “Бодевица“ Кучов Рид Општина Пехчево

40. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот “Скрка“ с.Дебриште Општина Росоман, со Предлог-одлука

41. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.123 Крива река, бр.407 Пена, бр. 408 р.Коселска, бр.104 р. Габровска и бр.349 Блатечка река

42. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија, производство и транспорт „Јоки Комерц Атанас“ ДООЕЛ од с.Брвеница-Брвеница, со Предлог-одлука

43. Предлог – одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво, производство, услуги и трговија, „Изградба Комерц“, експорт-импорт, Скопје на локалитетот „с.Идризово - 1“, Општина Гази Баба

44. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Арачиново

45. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за производство, трговија и услуги „КЛУБ СПОРТ 77“ увоз-извоз ДОО Битола во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„Филип Втори Македонски“ бр.30 Трг.Ком.Безистен-лок.12 во Битола

46. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Брако ДОО Велес, Република Северна Македонија

47. Информација за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, моноторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог-одлука и Физибилити студија

48. Предлог на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за измена на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за реципрочно признавање на возачки дозволи

49. Предлог-уредба за методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2021 година

50. Информација за можноста за спогодбено решавање на 9 (девет) предмети против Република Северна Македонија пред ЕСЧП кои се однесуваат на тековни кривични постапки во врска со незаконското следење на комуникациите

51. Предлог-одлука за определување на објектите и зоните од значење на одбраната и зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето

52. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1132 на Советот од 30 јули 2020 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2020/20

53. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1136 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја

54. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1126 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив

55. Предлог-програма за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година

56. Информација за оправданоста и придобивките од реализација на иницијативата за изградба на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) на територијата на Република Северна Македонија

57. Информација во врска со реализацијата на Проектот Изградба на „Стариот театар“ во Струмица

58. Информација во врска со реализацијата на Договорот за изградба на објект за Драмски театар во Скопје

59. Информација за исполнетост на условите на Друштво за земјоделско производство „Ботаникуе“ ДООЕЛ Гевгелија за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

60. Информација со Предлог-одлука за отстапување на лекот - физиолошки раствор 0,9% раствор за инфузија (500 ml) од стоковните резерви, без надомест, на ЈЗУ Клиничка болница – Тетово

61. Предлог – одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил ‘„Прифатен центар за баратели на азил“ - Скопје (патничко моторно возило)

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба - Скопје (патничко моторно возило)

63. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за доделување на средстав за финансирање на проекти за развој на планските региони за 2020 година

64. Информација со Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Оперативно постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам

65. Предлог на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка

66. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи

67. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници

68. Статут на „МИТ Универзитет“, Скопје

69. Понуда од нотар Емилија Георгиевска-Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 8870 за КО Берово на КП бр. 3353/1

70. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.417 за КО Ресен на КП бр. 5727 и Имотен лист бр.57398 за КО Ресен на КП бр. 5726 и КП бр. 5727

71. Понуда од нотар Цеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.38 за КО Бутел на КП бр.5675 викано место/улица Железарска

72. Понуда од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот запишан во Имотен лист број 20301 за КО Штип-5

73. Известување од извршител Данчо Диманчев од Гевгелија за Заклучок за прва усна јавна продажба, доставен под И. Бр.1505 за КО Стојаково, која ќе се одржи на 11 декември 2020 година

74. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93311 за КО Чаир на КП бр. 2563 МВ/Улица Дижонска

75. Понуда од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12879 за Свети Николе на КП бр.9915 МВ Македонска

76. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100906 за КО Центар 1 на КП бр.13159 МВ / Улица Б.Тодоровски и Имотен лист бр.100914 за КО Центар 1 на КП бр.13158 МВ / Улица Б.Тодоровски

77. Понуда од нотар Вирѓинија Баута од Струга за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2947, за КО Мислешево-вонград, на КП бр.2750

78. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за размена на недвижен имот со Имотен лист бр. 2870 за КО Маџари на КП бр. 1682

79. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба, доставен под И.бр.2495/19, која ќе се одржи на 16 декември 2020 година, за КО Чаир

80. Мислење за потребата од повторно разгледување на препораката според која само кај хронично болните лица кај кои има влошување на состојбата е можно определување на боледување

81. Кадровски прашања

82. Прашања и предлози

83. Финансиски извештај за период од 1 јули 2020 до 30 септември 2020 година на Јавно претпријатие Колекторски систем

84. Финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година

85. Извештај за финансиското работење на ЈП за државни патишта за периодот јули - септември 2020 година

86. Извештај за работењето на ЈП „Национална радиодифузија" - Скопје, во период од 1 април до 30 јуни 2020 година

87. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатије за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија за период од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година

88. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје за трет квартал 2020 година

89. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија" во периодот јули - септември 2020 година

90. Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на „НЕР" АД Скопје за периодот од 1 јули 2019 година до 30 септември 2019 година и Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на „НЕР" АД Скопје за периодот од 1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година

91. Тромесечен финансиски извештај на работењето на АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје за периодот 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година

92. Тромесечен финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија" - Скопје за периодот 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година

93. Извештај за финасиското работење на Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година

94. Извештај за финасиското работење на Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година

95. Извештај за финасиското работење на Акционерското друштво „Водостопанство на Република Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година

96. Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ" А.Д. Скопје за период јануари – март 2020 година

97. Информација за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централен регистар на население (ноември 2020 година)

98. Информација за работењето на Компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи за 2019 година усвоени од Комисијата за менаџмент со Компензационите фондови на седницата одржана на ден 19.11.2020 година

99. Предлог - одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор за поништување на постапката за доделување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали

100. Информација за вакцинацијата против КОВИД-19 (подготвеност на системот, улогата на УНИЦЕФ како Координатор на набавки во COVAX механизмот, директни преговори со производителите и со Европската комисија и земјите-членки на Европската унија)

101. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот на Министерството за образование и наука за набавка на рехабилитација на основни и средни училишта и набавка на стручно-технички надзор над рехабилитација на основни и средни училишта во рамките на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија

102. Предлог-одлука за доделување на средства на Државен ученички дом „Крсте Петков Мисирков" Кавадарци

103. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

104. Предлог-одлука за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Тирана, Република Албанија

105. Предлог-одлука за финансиска поддршка на филмски работници

106. Предлог-одлука за финансиска поддршка на уметници и на културни работници

107. Информација за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал

*

*     *

**Владата без забелешки ги усвои Записникот од 25-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 декември 2020 година, Записникот од 28-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 декември 2020 година и Записникот од 29-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2020 година**

*

*         *

- **Степен на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги разгледа Записникот од Петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 декември 2020 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 14 декември 2020 година и согласно расправата на седницата ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Петнаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 декември 2020 година.

2. Ги прифати предлозите на Комисијата за заразни болести, односно согласно расправата на седницата, особено за периодот од 18 декември 2020 до 21 јануари 2021 година заклучи и препорача:

1) Се забранува организација и одржување на прослави на јавни места и површини по повод претстојните новогодишни и верски празници, како и организација и одржување на каков било друг тип на прослави на отворен и затворен простор од страна на физички и правни лица или работни организации во истите.

2) Се укажува на строго и доследно почитување на мерките за негрупирање, на отворен и затворен простор, избегнување на организација и учество на граѓаните на прослави по повод претстојните новогодишни празници, во викенд куќи, во туристички места/центри и прослава на верски празници и обреди организирани од страна на верските заедници или религиозни групи.

3) Се препорачува на верските заедници избегнување и воздржување од организирање на верски обреди или други видови изразувања на верата од страна на верските заедници или религиозни групи.

4) Се препорачува на населението во Република Северна Македонија да избегнува движење на јавен простор (паркови, јавни површини или било која површина на отворено) на целата територија на Република Северна Македонија, во периодот по 18.00 часот, секој ден во текот на седмицата, освен за неопходни животни потреби.

5) Се ограничува работното време на сите угостителски објекти кои послужуваат храна и пијалаци заклучно со 18 часот.

Исклучок се угостителски објекти кои вршат подготовка и продажба на храна, кои можат да остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн или телефонски нарачки и слично) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект (преку штанд/пулт), како и угостителските објекти на Меѓународниот Аеродром Скопје и Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид

6) Се ограничува работното време во кафетериите/баровите/шанковите во угостителските сместувачки објекти (хотели, мотели, хостели и сл.) заклучно со 18 часот.

По исклучок, во угостителскиот објект/дел за исхрана во угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, хостел, пансион и друг објект за сместување), во нивните ресторани се ограничува работното време до 21 часот и може да работат исклучиво за лицата сместени во овие објекти и само за време на послужување на оброците.

3. Да се засилат контролите и инспекциските надзори од страна на полициските службеници и надлежните инспекторати за почитување и спроведување на мерките и препораките за заштита од Коронавирусот, во претстојниот период на новогодишни прослави и верски празници.

4. Да се засилат контролите и инспекциските надзори по сите туристички капацитети на територијата на Република Северна Македонија, во насока на почитување на донесените протоколи и мерки за заштита од Коронавирусот, како и лицата што даваат под наем туристички објекти, освен за давање под наем на лица од едно исто семејство.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## Точка 2

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за појава и ширење на болеста син јазик на територијата на Република Северна Македонија и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за појава на болеста син јазик на територијата на Република Северна Македонија, со тоа што Агенцијата за храна и ветеринарство и согласно расправата на седницата да ја дополни со податоци за висината на средствата за превентивна вакцинација за спречување на појава и ширење на болеста син јазик на територијата на Република Северна Македонија, допрецизирање со податоци за прописот во кој е утврдено дека трошоците за апликација на вакцинацијата ќе бидат на товар на одгледувачите на животни, како и образложение на истата.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да подготви точна финансиска анализа за воведување на превентивна вакцинација на територијата на Република Северна Македонија при што трошокот за вакцината да биде на товар на Агенцијата за храна и ветеринарство и Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, согласно обезбедените средства во Буџетот кои се предвидени за 2021 година, кој е во собраниска постапка и по негово донесување Агенцијата ќе ги реализира со Годишната наредба за вакцинација, а трошоците за апликација на вакцината да бидат на товар на одгледувачите на животни.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата по Годишната сметка за 2019 година и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје во 2019 година, со Извештај од независен ревизор и со предлог – одлуки, ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-п.о. - Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Одлуката за распоредување на вишок на средства по Годишната сметка за 2019 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-п.о. - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-среднорочната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2021-2025 година, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе.
За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Реси Абдурахмани, директор на Агенцијата за стоковни резерви.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 8**

Владата по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за акредитација на здравствените установи од секундарно и терциерно ниво, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди за акредитација на здравствените установи од секундарно и терциерно ниво, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ги донесе :

1. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за труд и социјална политика- Државен инспекторат за труд, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за Општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“- Скопје), во предложениот текст.

3. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за Општинското основно училиште „Аврам Писевски“ с. Бардовци- Скопје), во предложениот текст.

4. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за Општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“- Скопје), во предложениот текст.

5. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за Јавната установа општинска детска градинка „Мајски цвет“ Карпош - Скопје), во предложениот текст.

6. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за Општинското основно училиште „Ѓорѓи Сугарев“- Битола), во предложениот текст.

7. Новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за Средно општинско училиште „Нико Нестор“- Струга), во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр. 42539, КО Карпош) со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.15753, КО Центар 2) со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр. 16792, КО Центар 2) со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр. 11582, КО Драчево 1) со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр. 92689, КО Чаир) со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр. 55181, КП 6899, КО Карпош) со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на одземен недвижен имот, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог-одлуки за давање на согласност на спогодби за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје-Прошетка на посетители во Националниот парк

„Галичица", со превозно средство-пловен објект-чамец без мотор во „Св.Наум" (нов текст) ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-330/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-331/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-332/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-333/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-334/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-335/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-336/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

8. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-337/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

9. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-338/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

10. Одлука за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-339/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

11. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-340/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

12. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица" (бр. 08-341/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

13. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-342/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст и

14. Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје Национален парк „Галичица“ (бр. 08-343/2 од 3.12.2020 година), во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност на Анекс на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје - Национален парк „Галичица“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје - Национален парк „Галичица“, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање при спроведување на активностите за вршење угостителска дејност на сплавови во Националниот парк „Галичица“ - Извориште кај „Свети Наум“, односно потребно е да се почитува зонирањето на Националниот парк „Галичица“, одредбите од Законот за заштита на природата, Законот за животната средина, Законот за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк и предвидените мерки во Елаборатот за заштита на животната средина за ресторан Острово, комплекс „Свети Наум“, Охрид.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето од Општина Битола во врска со неискористените средства за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди за наредната седница на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Министерството за финансии.

Барањето од Општина Битола во врска со неискористените средства за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди, повторно да се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 21**

Владата по Барањето за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и за склучување на договор за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба наменето за изградба на објекти од јавен интерес го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство на електрична енергија „Парк“ на ветерни електрани „Еуроинг“ ДОО увоз-извоз, Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Предлог- одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани и ја донесе Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Кочани, со заклучок да се изврши редакциско усогласување со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 23**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 24**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за управување со отпадот, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 25**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 26**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за управување со дополнителни текови на отпад во системот за проширена одговорност на производителите за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 27**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за управување со пакување и отпад од пакување за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 28**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на постапување по заклучоците 1 и 2 од Информацијата за Годишни извештаи за ревизорска активност и Годишни ревизорски мислења за 2019 година, согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош усвоени на Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јуни 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги усвои акциските планови за имплементација на ревизорски наоди за Годишната акциска програма за 2014 година, за Годишната акциска програма за 2017 година за Повеќегодишната програма за животна средина и климатски акции и транспорт 2014-2020 година и за ИПАРД Програмата 2014-2020.

2. Се задолжуваат Националниот ИПА координатор (НИПАК), Министерството за финансии односно Националниот координатор за авторизација (НАО), Секторот за управување со средствата од ИПА и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД), Телото за управување во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Јавното претпријатие „Македонски железници–Инфраструктура“, да ги преземат активностите и корективните мерки по однос на отворените наоди од страна на Ревизорското тело за ревизија на ИПА, содржани во акциските планови за имплементација на ревизорски наоди.

**Точка 30**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит, со Предлог - одлука за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2021 година и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за спроведување на Законот за субвенционирање на станбен кредит.

2. Ја донесе Одлуката за времетраењето на јавниот повик и бројот на јавни повици за пријавување на граѓани за добивање субвенциониран станбен кредит во 2021 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 31**

Владата на предлог на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, го одложи разгледувањето на Информацијата за активностите кои треба да се преземат во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од Коридор 10-д“, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за транспорт и врски, Секретаријатот за европски прашања и Јавното претпријатие за државни патишта како и поради потребата мислења да достават Секретаријат за европски прашања и Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за адаптирање на постојната физибилити студија за да се утврди оправданоста на концесискиот проект „Активна ремедијација со можност за повторно користење на хромната троска складирана на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК „Југохром“, с.Јегуновце, преку негов третман/преработка“ и условно ја усвои доколку Министерството за економија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Градот Скопје, доставaт позитивно мислење по истата со следните заклучоци:

1. Министерството за животна средина и просторно планирање се ослободува од обврската да изработи физибилити студија за оправданост на концесијата на добра од општ интерес или на јавното приватно партнерство за активна ремедијација со можност за повторно користење на хромната троска складирана на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК „Југохром“, с. Јегуновце, преку негов третман /преработка.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги истражи можностите и начините за отпочнување со проект на ремедијација на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК Југохром,

с.Јегуновце, како и можностите за обезбедување на средства и да ја информира Владата за утврдените опции.

**Точка 33**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Анализа и Акциски план за Преспанското Езеро, подготвена од Експертската работна група за Преспанско Езеро, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата мислења по материјалот да достават Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи, АД „Водостопанство на Република Северна Македонија" – Скопје, Општината Ресен, „Технолошко металуршки факултет" при УКИМ, „Природно математички факултет" при УКИМ и „Хидробиолошки завод" - Охрид.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 34**

Владата ја разгледа и условно ја усвои Информацијата во врска со ревидирани Мастер планови за „Меѓународен аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" – Охрид на ТАВ Македонија (доколку се достават мислења од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија), со следните заклучоци:

1. Ги одобри ревидираните Мастер планови за „Меѓународен аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" – Охрид на ТАВ Македонија.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на ревидираните Мастер планови за „Меѓународен аеродром Скопје" и „Св. Апостол Павле" – Охрид.

**Точка 35**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата во врска со ревидираниот План за вонредни состојби на аеродромите на ТАВ Македонија, со следните заклучоци:

1. Го одобри ревидираниот План за вонредни состојби на аеродромите на ТАВ Македонија.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија за одобрувањето на ревидираниот План за вонредни состојби на аеродромите.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

## Точка 36

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продолжување на крајниот рок на достапност на средствата обезбедени од заем од Европска инвестициона банка за проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски, да достави барање до Европската инвестициона банка за продолжување на крајниот рок за достапност на средствата од заемот, за дополнителни 18 месеци, односно до 30.6.2022 година, усогласен со планираните среднорочни проекции на сметката на заеми на Буџетот на Република Северна Македонија за овој проект и да побара Банката во најкраток можен рок да достави нацрт текст на Амандманот на Договорот за заемот кој ќе биде предмет на преговори.

2. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и врски по завршување на преговорите со Европската инвестициона банка по однос на Амандманот на Договорот за заемот, да ја информира Владата за потребата од склучување на истиот.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

## Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Св.Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга и условно ја усвои поради потребата писмени мислења по материјалот да достават Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии со следниот заклучок:

Ја одобри Тендерската документација и го одобри објавувањето на Јавниот повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Свети Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Желино“ Општина Желино, со нов текст на Тендерска документација и Јавен повик и доколку предлагачот обезбеди мислења од Министерството за финансии и Секретаријат за законодавство ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска

документација за спроведување на постапката за локалитетот „Желино“ Општина Желино.

2. Го одобри новиот текст Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Желино“ Општина Желино.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 39

Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, го одложи разгледувањето на Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид Општина Пехчево, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување на материјалот со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 40

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Скрка“ с.Дебриште Општина Росоман, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - варовник на локалитетот „Скрка“ с.Дебриште, Општина Росоман, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.277 Воденешница, бр.123 Крива Река, бр.407 Пена, бр.408 р.Коселска, бр.104 р. Габровска и бр.349 Блатечка Река и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести Концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 31.3.2021 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.277 Воденешница ќе се продолжи најмалку до 31.4.2021 година.

3. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.123 Крива Река на Концесионерот ПЦЦ „НЕВ Хидро“ ДООЕЛ до 8.3.2021 година.

4. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести Концесионерот ПЦЦ „НЕВ Хидро“ ДООЕЛ дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 3, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.123 Крива Река.

5. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ПЦЦ „НЕВ Хидро“ ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.123 Крива Река ќе се продолжи најмалку до 8.4.2021 година.

6. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.407 р.Пена на Концесионерот ЦММ „Енерги Компани“ ДООЕЛ до 5.5.2021 година.

7. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести Концесионерот ЦММ „Енерги Компани“ ДООЕЛ дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 6, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.477 р.Пена.

8. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ „Енерги Компани“ ДООЕЛ да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.477 р.Пена ќе се продолжи најмалку до 5.6.2021 година.

9. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.408 Коселска Река на Концесионерот ХЕЦ „408“ ДООЕЛ Скопје до 23.12.2021 година.

10. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести Концесионерот ХЕЦ „408“ ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 9, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.408 Коселска Река.

11. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ „408“ ДОО Скопје да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.408 Коселска Река ќе се продолжи најмалку до 23.1.2022 година.

12. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на Концесионерот „Ани Енергетик“ ДОО Тетово до 29.7.2021 година.

13. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести Концесионерот „Ани Енергетик“ ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 12, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

14. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот „Ани Енергетик“ ДОО Тетово да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи најмалку до 29.8.2021 година.

15. Владата на Република Северна Македонија, како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.349 Блатечка Река на Концесионерот „Енерџи Лукс“ ДООЕЛ Кочани до 5.4.2021 година.

16. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести Концесионерот „Енерџи Лукс“ ДООЕЛ Кочани дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 15, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.349 Блатечка Река.

17. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот „Енерџи Лукс“ ДООЕЛ Кочани да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.349 Блатечка Река ќе се продолжи најмалку до 5.5.2021 година.

## Точка 42

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за трговија, производство и транспорт „Јоки Комерц Атанас“ ДООЕЛ од с.Брвеница-Брвеница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 43

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на Друштвото за градежништво, производство, услуги и трговија, „Изградба Комерц“ експорт - импорт Скопје на локалитетот „с.Идризово - 1“, Општина Гази Баба, за наредната седница на Владата, откако истата претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата мислење да достави Министерството за финансии, а нови мислења да доставатМинистерството за транспорт и врски и Општина Гази Баба.

Истовремено, да се имаат предвид укажувањата од Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 44

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Арачиново, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за производство, трговија и услуги „Клуб Спорт 77“ увоз-извоз ДОО Битола во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„Филип Втори Македонски“ бр.30 Трг.Ком.Безистен-лок.12 во Битола.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 46

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за Предлог-Договор за доделување на државна помош на „Брако“ ДОО Велес, Република Северна Македонија, поради потребата Комисијата за заштита на конкуренцијата и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да доставатмислење по истата и да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог-одлука и Физибилити студија (нов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Условно ја донесе Одлуката за започнување постапка за воспоставување систем за маркирање на горива и воспоставување електронски систем за следење и пронаоѓање на тутунски производи (најнов текст), во предложениот текст, доколку Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за економија и Царинската управа доставатпозитивно мислење по Одлуката.

2. Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот пазарен иснпекторат, Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за енергетика), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за трговија), во рок од три дена да номинираат по еден член и заменик член во Комисијата која да подготви и во рок од 60 дена до Владата да достави предлог правни акти (законски и подзаконски) за функционирање на Електронскиот систем за следење на акцизни добра (track and trace).

3. Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот пазарен иснпекторат, Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за енергетика), Стопанската комора (претставник од делот на Здружението за трговија), во рок од три дена да номинираат по еден член и заменик член во Комисијата за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на систем за следење на акцизни добра, која во рок од 30 дена до Владата да го достави Јавниот повик и Тендерската документација.

## Точка 48

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за измена на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за реципрочно признавање на возачки дозволи, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за Методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за спогодбено решавање на 9 (девет) предмети против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права кои се однесуваат на тековни кривични постапки во врска со незаконското следење на комуникациите, ја усвои Информацијата и го задолжи владиниот агент да го извести Европскиот суд за човекови права во определениот рок (до 18 декември 2020 година) дека Владата нема да ја користи можноста за спогодување во предметите А.бр.77796/17, А.бр.80003/17,А.бр.81848/17, А.бр.81862/17, А.бр.11583/18, А.бр.30884/18, А.бр.26233/18, А.бр.59762/18 и А.бр1005/19 на кој се однесува Информацијата за можноста за спогодбено решавање на 9 (девет) предмети против Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права кои се однесуваат на тековни кривични постапки во врска со незаконското следење на комуникациите.

**Точка 51**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за определување на објектите и зоните од значење за одбраната и зоните во кои се ограничува слободата на движењето, престојот или населувањето, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1132 на Советот од 30 јули 2020 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примена на специфични мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2020/20, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1136 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/849 за рестриктивни мерки против Демократска Народна Република Кореја, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/1126 на Советот од 30 јули 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 55**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година (новиот текст), во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданоста и придобивките од реализација на иницијативата за изградба на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) на територијата на Република Северна Македонија и ја усвои, со следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за образование и наука да обезбеди финансиски средства во висина од 20.000 евра кои ќе бидат наменети за покривање на дел од трошоците за работа на SEEIIST Асоцијацијата со седиште во Женева.

2.Се задолжува Министерството за образование и наука да склучи Договор за соработка со SEEIIST Асоцијацијата со кој ќе биде регулирана уплатата на финансиските средства во висина од 20.000 евра за покривање на дел од трошоците за работа на SEEIIST Асоцијацијата со седиште во Женева.

3.Се задолжува Министерството за здравство во соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за надворешни работи и Дирекцијата за радијациона сигурност до 20 декември 2020 година да формира експертски тим за подготовка на апликација-кандидатура со која Република Северна Македонија ќе конкурира на меѓународниот јавен повик за добивање на локацијата за изградба на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) на територијата на Република Северна Македонија.
Истовремено, Владата заклучи:

- предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за финансии - потребните средства ресорното министерство да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет, без притоа да бара дополнителни финансиски средства и

-предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на Проектот Изградба на „Стариот театар“ во Струмица, ја усвои и му укажа на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да склучи договор со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица, за вршење на стручен надзор без надомест над изградбата на објектот „Стар Театар“ во Струмица во времетраење од една година.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на Договорот за изградба на објект за Драмски театар во Скопје и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Владата на Република Северна Македонија заклучи дека Министерството за култура постапило согласно Извадокот од Нацрт записник бр.44-10815/1 од 18.12.2018 година и пристапило кон преговори за спогодбено раскинување на Договорот со договорната страна ДГТУ „Бауер БГ“ ДОО Скопје и пристапило кон обезбедување на стручна проценка Вешт наод и мислење за утврдување на причините и основите за еднострано раскинување на договорот за јавна набавка за изведување на градежни работи бр.46-954/6 од 15.5.2017 година.

2. Се задолжува Министерството за култура да постапи согласно заклучоците на Државното правобранителство на Република Северна Македонија дадени во Записникот од одржана работна средба од 6.2.2020 година Мбр.822/18 од 6.2.2020 година, што како законски застапник на Министерството за култура ги има донесено со цел за исклучување на евентуалната штета што министерството би требало да ја исплати на другата договорна страна и еднострано да го раскине договорот бр.46-954/6 од 15.5.2017 година

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за земјоделско производство „Ботаникуе“ ДООЕЛ Гевгелија за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за земјоделско производство „Ботаникуе“ ДООЕЛ Гевгелија, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за отстапување на лекот - физиолошки раствор 0,9% раствор за инфузија (500 ml) од стоковните резерви без

надомест на ЈЗУ Клиничка болница – Тетово (нов текст) и ја усвои, со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за отстапување на лекот – физиолошки раствор од стоковните резерви без надомест, во предложениот текст.

2. Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви да ја спроведе Одлуката и да ги издаде наведените количини на физиолошки раствор на ЈЗУ Клиничка болница – Тетово, по објавување на Одлуката во „Службен весник на Република Северна Македонија.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната установа за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил" – Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гази Баба (патничко моторно возило) (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата условно го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за доделување средства за финансирање на проекти за развој на планските региони во 2020 година, доколку предлагачот достави до Владата соодветна Одлука, донесена од Советот за рамномерен регионален развој.

**Точка 64**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам и Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Оперативно постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и ги донесе:

- Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам (нов текст), во предложениот текст и

- Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Оперативно постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со предложените измени и дополнување на Изборниот законик се има цел усогласување на составот на Државната изборна комисија со составот на пратениците во Собранието, согласно конечните резултати од предвремените избори за пратеници во Собранието.

Имено, со измените и дополнувањата на Законот се уредува делот кој се однесува на усогласување на составот на Државната изборна комисија со составот во Собранието по последните избори за пратеници одржани на 15 јули 2020 година како и престанокот на функцијата член на Државната комисија, а што е во функција, исто така на усогласување на составот на Државната изборна комисија, во членот 3 се предлагаат преодни одредби со кои ќе се измени составот на Државната изборна комисија, согласно резултатите од изборите за пратеници во 2020 година и воедно Владата на Република Северна Македонија предлага да се изостави одредбата од член 3 став 1 кој се однесува на составот на Државната изборна комисија за предвремените избори, за градоначалник на Општина Пласница и Општина Штип, кои се одржаа на 13 декември 2020 година, бидејќи истата е беспредметна.

Во контекст на горенаведеното, земајки го предвид преодното законското решение имплементирано во Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик од 2017 година објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.125/17, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на текстот на предметниот Предлог на закон, освен претходно наведената и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе истиот.

## Точка 66

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Со предложеното законско решение во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи се предлага да се укине можноста која согласно постојниот член 174 од Законот за внатрешни работи ја имаат работниците во Министерството за внатрешни работи да поднесат писмена изјава за продолжување на договорот за вработување и по навршување на 40 години пензиски стаж, а најмногу до навршување на 45 години пензиски стаж. Со одредбите од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи поднесен од група пратеници, се врши усогласување со одредбите на Законот за работните односи со кои се укина можноста за продолжување на работниот однос, како и со одредбите од член 82 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20 и 267/20).

Во член 174 од Законот за внатрешни работи е уреден прекинот на договорот за вработување на работниците по сила на закон, односно со навршување на 40 години пензиски стаж на работникот, без оглед на неговите години на возраст. Со наведениот член е уредена и постапката за продолжување на договорот за вработување со давање на писмена изјава од страна на работникот и обврската за продолжување на договорот за вработување најмногу до навршување на 45 години пензиски стаж, без оглед на годините на возраст, како и рокот за давање на изјавата на работникот. Во наведениот член е утврдено и дека старосната пензија се утврдува во висина од 80% од просечната месечна нето плата што работникот ја остварил во текот на најповолните десет години од пензискиот стаж. Со последните измени на Законот за внатрешни работи, овој член е дополнет со два нови става со кои е уредено дека ќе се изврши нова пресметка на износот на пензијата на работниците на министерството за внатрешни работи кои правото на пензија го стекнале во периодот од 1 јануари 1994 година до 20 март 2010 година согласно одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/10, 156/10, 24/11, 51/11 и 11/12), а правото на користење на ново пресметаниот износ на пензијата, работниците ќе го остварат од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесување на барањето за остварување на правото на пензија.

Согласно член 82 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, на овластените службени лица, во смисла на прописите за вршење на внатрешните работи, стажот на осигурување им се смета со зголемено траење и тоа секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности се сметаат како 16 месеци стаж на осигурување. Ова право за работниците во Министерството за внатрешни работи претставува само причина повеќе за оправданоста за укинување на можноста за продолжување на работа и по исполнување на законски утврдените години на стаж на осигурување.

Предложените измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи се во насока на усогласување со одредбите на овој закон со одредбите на Законот за работните односи, како системски закон кој ги уредува работните односи на работниците во државата. Со одредбите на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи поднесен од група пратеници се врши укинување на можноста на работникот со писмена изјава да побара продолжување на договорот за вработување најмногу до навршување на 45 години пензиски стаж.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

<u>Точка 67</u>

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и 10.000 избирачи.

Имајќи ја предвид горенаведенета одредба Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници е поднесен од овластен предлагач.

Со доставените измени и дополнувања на Законот за административни службеници се врши усогласување со работното законодавство во поглед на престанокот на работниот однос на административните службеници.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за административни службеници и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Законот.

**Точка 68**

Владата го разгледа Статутот на „МИТ Универзитет"-Скопје и дава позитивно мислење по Статутот.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 8870 за КО Берово на КП бр. 3353/1 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.417 за КО Ресен на КП бр.5727 и Имотен лист бр.57398 за КО Ресен на КП бр.5726 и КП бр.5727 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од Џеват Бучи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.38 за КО Бутел на КП бр.5675 викано место/улица Железарска, со дополнувањето и по Понудата го усвои новото Известување на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на сосопственички дел од недвижен имот запишан во Имотен лист број 20301 за КО Штип-5, КП бр.8777 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 73**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Данчо Диманчев од Гевгелија за Заклучок за прва усна јавна продажба, доставен под И. Бр.1505 за КО Стојаково, која ќе се одржи на 11 декември 2020 година.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93311 за КО Чаир на КП бр.2563 викано место/улица Дижонска и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 75**

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12879 за Свети Николе на КП бр.9915 м.в. Македонска, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, да достави мислење по Понудата.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1000904 за КО Центар на КП бр. 13157 мв / улица Б. Тодоровски, Имотен лист бр. 100906 за КО Центар 1 на КП бр.13159 мв / улица Б.Тодоровски и Имотен лист бр. 100914 за КО Центар 1 на КП бр.13158 мв / улица Б.Тодоровски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вирѓинија Баута од Струга за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2947, за КО Мислешево-вонград, на КП бр.2750 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за размена на недвижен имот со Имотен лист бр. 2870 за КО Маџари на КП бр. 1682 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

Владата по Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје, за Заклучок за втора усна јавна продажба, доставен под И.бр.2495/19, која ќе се одржи на 16 декември 2020 година, за земјиште евидентирано во Имотен лист бр.95705 за КО Чаир, го усвои новото мислење на Министерството за транспорт и врски, кое упатува на мислењето на Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи и Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

## Точка 80

Владата го разгледа Мислењето доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија за потребата од повторно разгледување на препораката според која, само хронично болните лица кај кои има влошување на состојбата е можно определување на боледување и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Комисијата за заразни болести согласно својата надлежност редовно одржува седници на кои сеопфатно ја разгледува моменталната епидемиолошка состојба во државата со заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2. Комисијата врз основа на направените анализи на епидемиолошката состојба на неделно ниво предлага соодветни превентивни мерки и препораки. Во таа насока лицата со хронични болести кај кои постои егзацербација на болеста која ја утврдил лекар специјалист го остваруваат правото за спреченост за работа (боледување) согласно воспоставена процедура од страна на Фондот на здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Во наредниов период, Комисијата за заразни болести следејќи ја актуелната епидемиолошка состојба, доколку е потребно, ќе даде препорака за дополнителни превентивни мерки со цел спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19.

## Точка 81

1. Владата го разреши Горјан Тозија од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

1.1. Владата го именува Бојан Лазаревски за вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Николче Бабовски од должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, на негово барање.

2.1. Владата го именува Никица Бачовски за вршител на должноста директор на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Зоран Атанасов од должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство, на негово барање.

3.1. Владата го именува Николче Бабовски за вршител на должноста директор на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Есад Рахиќ од должноста вршител на должноста директор на Казнено-поправна установа Затвор Скопје.

4.1. Владата го именува Филип Андов за вршител на должноста директор на Казнено-поправна установа Затвор Скопје и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го именува Фатмир Идризи за заменик на директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го отповика Зоран Исајловски од должноста управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје.

6.1. Владата го избра Есад Рахиќ за управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје.

7. Владата го разреши Менфи Илјази од должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, на негово барање.

7.1. Владата го именува Адмир Ујкановиќ за директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, орган во состав на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

8. Владата ја именува Сања Лукаревска за директор на Управата за јавни приходи, орган во состав на Министерството за финансии, досегашен вршител на должноста директор на Управата за јавни приходи и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го именува Иљми Селами за заменик на директорот на Државниот завод за статистика, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го именува Јован Деспотовски за директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, досегашен вршител на должноста директор на Дирекцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го именува Јовица Стојановиќ за директор на Казнено-поправна установа Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, досегашен вршител на должноста директор на установата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата го именува Марјан Спасовски за директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда, досегашен вршител на должноста директор на Управата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го именува Менфи Иљази за вршител на должноста заменик-координатор на Националниот координативен центар за гранично управување и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата го именува Ардиан Муслиу за директор на Државниот просветен инспекторат, орган во состав на Министерството за образование и наука, досегашен вршител на должноста директор на инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија, за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие, да го именува Мухамед Цурри.

16. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие Колекторски систем, за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие, да го именува Фатон Положани."

17. Владата се информираше за оставката на Зоран Ѓорѓиев, од должноста директор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- Скопје и заклучи да му препорача на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- Скопје да ја именува Јулиана Николова за вршител на должноста директор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"- Скопје.

## Точка 82

**1.** Владата, на предлог на Министерството за правда заклучи да се измени Заклучокот под реден број 1 од точка 5, по Информацијата за извршување на Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија У.бр.45/2020од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2020 година и истиот да гласи:

„1. Изврши прецизирање на заклучоците од точка 30 од Седумдесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија на начин што:
Ценејќи ги наводите од глава I, став 6 и 7 од оваа информација, се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија по влегување во сила на Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите донесена од Собранието на Република Северна Македонија, на јавнообвинителските службеници и другите лица вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, да им понуди склучување на вонсудска спогодба со која јавнообвинителските службеници и другите лица вработени ќе се согласат дека со исплатите на плата и други надоместоци за месеците декември 2019, јануари, февруари и март 2020 година исплатени по присилен пат преку Управата за јавни приходи ги оствариле правата од работен однос за исплата на плати и други надоместоци за наведените месеци, а Јавното обвинителство на Република Северна Македонија се согласува да од неговата трезорска сметка, потпрограма 21, расходна ставка 464 - разни трансфери, се изврши исплата на платата и други надоместоци според пресметката на Управата

за јавни приходи во постапката за присилно извршување за месеците април, мај и заклучно со 30 јуни 2020 година.".

**2.** Владата го задолжи АД за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје да подготви и на наредната седница на Владата да достави нова одлука за почеток на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство за изградба на фотонапонски електрани во РЕК „Осломеј".

**3.** Владата ги одложи од разгледување Предлог - одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на Општина Ресен ) и Предлог - одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (на Општина Дојран), за наредна седница, поради потребата од дополнителни усогласувања

**4.** Владата по Барањето доставено од Министерството за финансии заклучи Заклучокот од точка 29, по Информацијата за преземените и планираните активности за воспоставување на кредитно-гарантна шема во Република Северна Македонија, од Нацрт - записникот од Седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 август 2020 година, кој гласи:

„Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии, во рок од 15 дена, да ја информира Владата на Република Северна Македонија за гарантната шема што во моментов се спроведува помеѓу „Про Кредит банка" АД Скопје и Европската комисија", да престане да важи.

**5.** Владата заклучи, заклучокот под број 3 од точка 26 од Нацрт-записникот од Дваесет и шестата седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2020 година – (Информација за реализација на потпрограмата П1 - Мерки за справување со КОВИД 19 кризата), кој гласи:

„Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна Одлука со која во рамки на раздел 04001-Влада на Република Северна Македонија ќе се отвори посебна наменска сметка на која би се трансферирале средствата за исплата на плата за декември 2020 година, усогласена со Секретаријатот за законодавство, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата", да се измени и да гласи:

„Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да подготви Одлука со која ќе се задолжи Министерството за финансии во рамки на раздел 04001-Влада на Република Северна Македонија да отвори посебна наменска сметка на која би се трансферирале средствата за исплата на плата за декември 2020 година, усогласена со Секретаријатот за законодавство, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата".

**Точка 83**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје, за периодот од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, да се има предвид дека негативното Мислење на Министерството за финансии се однесува на крајниот негативен финансиски резултат кој произлегува од амортизацијата, ненаплатените побарувања и акумулиранаата загуба, но претпријатието има позитивен кеш флоу.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 84

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година како материјал за информирање.

Истовремено, Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., да го има предвид негативното Мислење на Министерството за финансии со оглед на негативниот финансиски резултат со укажување надлежните органи на претпријатието да преземат мерки за намалување на непродуктивните расходи во вкупниот износ на трошоци на претпријатието.
Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република  Северна Македонија.

## Точка 85

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП за државни патишта за периодот јули - септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 86

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1 април до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии.

## Точка 87

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија" за период од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да има предвид дека негативното Мислење на Министерството за финансии се однесува на крајниот негативен финансиски резултат кој произлегува од амортизацијата, но претпријатието има позитивен кеш флоу.

Исто така, предлагачот треба да постапи по укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 88**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”- Скопје за трет квартал 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за периодот јули - септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено Владата заклучи, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 90**

Владата го разгледа Извештајот за работата и материјално-финансиското работење на „НЕР“ АД Скопје за периодот од 1 јули 2019 година до 30 септември 2019 година и Извештајот за работата и материјално-финансиското работење на „НЕР“ АД Скопје за периодот од 1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година, со табеларен приказ, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје, за периодот од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 92**

Владата го разгледа Тромесечениот финансиски извештај за работењето на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје за периодот 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Воедно, Владата им препорачува на сите државни институции да ги подмират своите обврски кон АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје.

**Точка 93**

Владата го разгледа Извештајот за финасиското работење на Акционерското Друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи, Акционерското Друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да ги има предвид укажувањата во мислењата на:
- Министерството за финансии, негативно, со оглед дека Акционерското Друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје има остварено негативен финансиски резултат, како и со укажување извештаите да се доставуваат навремено, односно по завршување на соодветното тромесечје.
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со укажување Акционерското Друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да ги преземе сите неопходни мерки за наплата на своите побарувања и навремено сервисирање на своите обврски.

Истовремено, предлагачот да постапи по мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 94**

Владата го разгледа Извештајот за финасиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот од 1 април 2020 година до 30 јуни 2020 година, како материјал за информирање.
Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во мислењата на:
- Министерството за финансии негативно, со оглед дека претпријатиеto има остварено негативен финансиски резултат, како и со укажување извештаите да се доставуваат навремено, односно по завршување на соодветното тромесечје и
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со укажување Акционерското друштво да ги преземе сите неопходни мерки за наплата на своите побарувања и навремено сервисирање на своите обврски.
Исто така, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 95**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна

сопственост, Скопје за периодот од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје да ги има предвид укажувањата во:

1. Мислењето на Министерството за финансии извештаите да се доставуваат навремено, односно по завршување на соодветното тромесечје.

2. Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со укажување Акционерското друштво да ги преземе сите неопходни мерки за наплата на своите побарувања и навремено сервисирање на своите обврски.

Истовремено, предлагачот да постапи по укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 96**

Владата го разгледа Тримесечениот извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за период јануари – март 2020 година како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во мислењата на Министерството за финансии извештаите да се доставуваат навремено, односно по завршување на соодветното тромесечје.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централен регистар на население (ноември 2020 година), како материјал за информирање.
Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид мислењето на Министерството за финансии - средствата за реализација на надградбата на системот за поврзување со Централниот регистар на население потребно е да се обезбедат во рамки на буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Истотака, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи за 2019 година усвоени од Комисијата за менаџмент со Компензационите фондови на седницата одржана на 19.11.2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

**Точка 99**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на две фотонапонски електроцентрали со следните заклучоци:

1. Основот за донесување на Одлуката да се измени и да биде членот 21-а став 5 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Аналогно на ова да се коригира и Образложението на Одлуката.

2. Во текстот на Одлуката, како и во Образложението да се наведе рокот за донесување на одлука за избор и поништување кој е 30 дена, сметајќи од денот кој е определен како краен рок за поднесување на понудите.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за вакцинацијата против КОВИД-19 (подготвеност на системот, улогата на УНИЦЕФ како Координатор на набавки во COVAX механизмот, директни преговори со производителите и со Европската комисија и земјите-членки на Европската Унија) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство веднаш по усвојувањето на оваа информација да го извести Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) и УНИЦЕФ (преку претставникот на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија и Регионалната канцеларија на УНИЦЕФ во Женева) дека услугите поврзани со набавката на вакцини против Ковид-19 во рамки на COVAX механизмот во име на Република Северна Македонија ќе се вршат преку УНИЦЕФ во зависност од висината на надоместокот што треба за тие услуги да се плати кон УНИЦЕФ и врз основа на позитивното мислење на Министерството за надворешни работи и Бирото за јавни набавки дека такво учество на УНИЦЕФ е можно согласно Меморандумот за разбирање за обезбедување на услугите за набавка помеѓу УНИЦЕФ и Владата на ФИРОМ (Memorandum of understanding for provision of procurement services between UNICEF, the United Nations Children's Fund and Government of the FYR Macedonia) склучен во 2005 година, заверен под архивски број 07-5128/1 од 6.5.2005 година во Министерството за здравство.

2. Се задолжува Министерството за финансии и Бирото за јавни набавки, во соработка со Министерството за здравство, во рок од најдоцна 30 дена да изготват анализа и да ја известат Владата дали согласно Законот за јавни набавки постои правна можност да се спроведе директна набавка на вакцини против Ковид-19 и да им се изврши авансна уплата на производителите на вакцини против Ковид-19 (на пример, од компаниите Pfizer и Астра Зенека), на Европската комисија и на земјите-членки на Европската Унија и доколку не постои законска можност да даде препораки на кој начин таквата набавка и уплата на аванс може да биде овозможена.

## Точка 101

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот на Министерството за образование и наука за набавка на рехабилитација на основни и средни училишта и набавка на стручно-технички надзор над рехабилитација на основни и средни училишта во рамките на проектот Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Северна Македонија ја усвои Информацијата и врз основа на усно изнесеното позитивно мислење од д-р Фатмир Бесими, министер за финансии даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерство за образование и наука за набавка на рехабилитација на основни и средни училишта и набавка на стручно-технички надзор над рехабилитација на основни и средни училишта и тоа:

- 40.194.915,00 денари од сметка 637 – расходи од основен буџет во 2021 година и 52.805.085,00 од сметка 786 – расходи од заем во 2021 година за набавка на рехабилитација на основни и средни училишта
- 994.068,00 денари од сметка 637 – расходи од основен буџет во 2021 година и 1.305.932,00 денари од сметка 786 – расходи од заем во 2021 година за набавка на стручно-технички надзор над рехабилитација на основни и средни училишта.

Истовремено, да се има предвид мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 102

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државен ученички дом „Крсте Петков Мисирков" Кавадарци, со заклучок предлагачот текстот на истата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 103

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 104

Владата ја донесе Одлуката за основање на Културно-информативен центар на Република Северна Македонија во Тирана, Република Албанија, во предложениот текст.

## Точка 105

Владата ја донесе Одлуката за финансиска поддршка на филмски работници, во предложениот текст.

## Точка 106

Владата ја донесе Одлуката за финансиска поддршка на уметници и на културни работници, во предложениот текст.

## Точка 107

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за потенцијално задолжување на Република Северна Македонија на меѓународниот пазар на капитал, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да започне со подготовки за емисија на еврообврзница, вклучувајќи постапка на избор на конзорциум на банки кои ќе бидат водечки агенти и покровители на емисијата на еврообврзница, како и избор на правни советници за англиско и американско право, соодветно на условите на емисијата на еврообврзница.

2. Се задолжуваат Кабинетот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за информатичко општество и администрација, Народна банка на Република Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Комисијата за хартии од вредност, Агенција за супервизија на осигурувањето и Државен завод за статистика, да номинираат претставници кои во име на институцијата која ги номинирала ќе го водат и координираат процесот на подготовка на еврообврзница согласно барањата и роковите доставени од Министерството за финансиии, а нивните контакт податоци (email и број на мобилен телефон) да ги достават на следните email адреси: cabinet@finance.gov.mk и ana.todorovska@finance.gov.mk.“

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |